**Студија на случај на типично село во регионот “Скопје” општина Гази Баба (партиципативно рурално оценување) Село: Раштак**

## 1. Историјат[1]

Историјатот на село Раштак се состои од податоци кои датираат дури од XVII век кога е изградена црквата во село Раштак. Во 1920 година отворено е првото основно училиште, а во 1936 е формирана играорна група што го покажува културното наследство на селото. Во 1964 година е пуштена електрична енергија, во 1967 е асфалтиран патот, а 1968 отворена е првата продавница и пуштена е првата автобуска линија до село Раштак. Водоводот е завршен и даден како таков во употреба 1970, а во 1975 година е купен првиот трактор во приватна сопственост. Во 1976 година е формиран фудбалскиот клуб што покажува за значењето на спортот кај месното население и бројот на младите кои во тој период живееле во селото. Она што значи комуникација и развојна стратегија на селото се случува во 1987 година со воведување на телефонска линија.

**Заклучок:** Историјатот на село Раштак е различен од останатите села во Скопско поле. Постоење на играорна група, фудбалска екипа, училиште и продавница за тој временски период, укажува на постоење на традиција и култура кај месното население. Купениот трактор во приватна сопственост укажува на потребата кај земјоделците за побрз и одржлив развој на земјоделството, односно дека во атарот на селото некогаш и сега се произведува здрава и квалитетна храна за исхрана на луѓето како и добиточна храна. Тоа треба да се надополнува и развива во насока на препораките кои доаѓаат од европската комисија за развој и рурална диверзификација. Меѓутоа, низ годините бројот на населението во селото континуирано се намалува и се заборава на развојот на руралната инфраструктура.

| Година | Настан |
|---|---|
| XVII век | Изградена црква |
| 1920 | Отворено е првото училиште |
| 1936 | Формирана е играорна група |
| 1964 | Пуштена е електрична енергија |
| 1967 | Асфалтиран е патот до село Раштак |
| 1968 | Отворена е првата продавница |
| 1968 | Пуштена е автобуска линија до селото Раштак |
| 1970 | Пуштен е водовод |
| 1975 | Купен е првиот приватен трактор |
| 1976 | Формиран е првиот фудбалски клуб |
| 1987 | Пуштена е првата телефонска линија |

[1] Податоците се добиени со PLA (Participatory Learning and Action) методот организиран преку дискусија на фокус група:
Дата: 10.11.2009
Период на дискусија: од 17:00 до 19:40
Учесници: 4
Мажи: 4
Жени: 0

## 2. Ситуациона анализа[2]

### *A. Состојба во селото*

Табела 1. Идентификувани проблеми и потенцијали на селото

| **Потенцијали на селото** | **Проблеми на селото** |
|---|---|
| Добра снабденост со сите животни продукти. | Патниот правец Раштак-Бутел треба да се доизгради - околу 3 км. |
| Редовно се чисти патот од снег и секогаш истиот е прооден. | Водоводот е нефункционален поради што нема вода за пиење. |
| Доста успешен Фудбалски клуб. | Нема систем за наводнување, земјоделското производство се обавува во услови на суша. |
| Раштак е на 650 метри надморска височина, со чист воздух и погодно место за викенд излети и селски туризам. | Основно училиште до 4 одделение (одделенска настава) и зградата во многу лоша состојба. |
| | Јавниот превоз е недоволно организиран и линиите се на големи временски интервали. |
| | После конфликтот во 2001 година патот кон Љуботен не е прооден за жителите на Раштак, населението од Раштак се каменува и не им е дозволен преминот од страна на населението од соседните села. |
| | Нема депонија за ѓубрето и сметот. |
| | Диви депонии на недозволени места на недоизградениот пат кој ги поврзува Раштак и Бутел. |
| | Населението на Љуботен го фрлаат својот смет на нива која и припаѓа на црквата од Раштак. |
| | Шумскиот фонд во државна сопственост е уништен според преценките на населението 90%, а приватните шуми околу 20% (поради кражби и организиран криминал). |
| | Слаб електричен напон на околу 75% од населението. |

[2] Податоците се добиени со PLA (Participatory Learning and Action) методот организиран преку дискусија на фокус група:
Дата: 10.11.2009
Период на дискусија: од 17:00 до 19:40
Учесници: 4
Мажи: 4
Жени: 0

Селото Раштак има добра релјефна локација на околу 600 метри надморска височина и изобилува со чистата животна средина, квалитетно производство на здрави земјоделски производи, земјоделски производители кои одлично владеат со производството на здрава храна и постоење на голем избор на производи за широка потрошувачка. Од услужните дејности од страна на фокус групата многу често се спомнуваат кулинарските специјалитети и вредните домаќинки кои се вистински експерти за подготовка на специјалитети од Македонската кујна. Она што жителите го сметаат за потенцијал е фудбалскиот клуб кој претставува гордост и имиџ на селото во кој членуваат младите и успешно се натпреваруваат.

Проблемите со кои се соочуваат жителите на селото се  незавршениот пат кој ги поврзува село Раштак со општина Бутел, во должина од 3000 метри. Исто така водоводната мрежа  е нефункционална и сеуште до секоја куќа нема доволно квалитетна и безбедна вода за пиење. Понатаму, во земјоделството постои голем проблем со наводнувањето кое се изведува во услови на суша, со што се намалени приносите по единица површина. Слабата сигурност со снабдувањето со електрична струја е фактор кој влијае на создавање на високи трошоци по потрошувач, брзо расипување на електричните апарати и неможност да се работи со висока технологија како што се на пример ладилници, стакленици, мелници, пилани и фабрики за преработка на земјоделски производи. Како населено место кое нуди развој на т.н. рурален туризам, голем проблем е формирање на диви депонии. Сеуште има нетрпеливост  помеѓу месното население со соседните села насеено со жители од друга националност. Освен тоа како голем проблем е немање автобуски превоз во континуитет, а временските интервали помеѓу две автобуски релации е многу голем, по неколку часови.

Локацијата на селото е на такво место кое само по себе овозможува развој на шумарството, меѓутоа загрижува фактот што шумите се скоро целосно уништени. Истовремено постои недоверба спрема униформираните лица од министерството за внатрешни работи, поврзана со заштитата на шумите и природната околина.

Постоење на неколку депонии и неодговорност на населението кое фрла шут и отпад насекаде, дури и на црковно земјиште, создава лоша слика за домашните и странските инвеститори заинтересирани за вложување во капитални инвестиции во селото Раштак.

***B. Опции***

| **Самото месно население** | **Месното население заедно со надворешна помош** | **Само со надворешна помош** |
|---|---|---|
| | Ставање во функција на комплетниот водоводен систем.<br><br>Изградба на систем за наводнување. | Изградба на патниот правец Раштак-Бутел - околу 3 км.<br><br>Основање на Основно училиште до 8 одделение (одделенска настава), и комплетно реновирање или изградба на нова школска зграда. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Подобрување на Јавниот превоз.<br><br>Зголемување на трпеливоста и свеста на населението од околните села.<br><br>Изградба на депонија за ѓубре и смет.<br><br>Забрана за недозволена изградба на диви депонии на недоизградениот пат кој ги поврзува Раштак и Бутел.<br><br>Забрана за фрлање на сметот на жителите на селото Љуботен на нива која и припаѓа на црквата од Раштак.<br><br>Најстрога забрана за понатамошно уништување на шумскиот фонд( сегашната ситуација е следна: Шумата во државна сопственост е уништена според преоценките на населението околу 90%, а приватните шуми околу 20%)<br><br>Обезбедување на квалитетен и континуиран електричен напон на целото месно населените (моментално околу 75 % од населението се сочува со слаб електричен напон). |

Претходно детерминираните проблеми ќе се решаваат заедно во координација помеѓу населението и некој од надворешните субјекти било тоа да е влада, локалната самоуправа, јавни претпријатија, трговски друштва или донации и само од страна на државните институции и донации. При детална анализа на населението заедно со други институции и донации би ги решиле проблемите со водоводот кој сеуште не овозможува достатна

вода за пиење и системот за наводнување во земјоделството. Она што треба државните институции или донациите да го решат е асфалтирањето на уште 3000 метри пат кој ќе го поврзува Раштак со општина Бутел (општина), реновирање на зградата на основното училиште (општина), јавен градски превоз (ЈСП), меѓунационални односи помеѓу селата кои се со различен етникум (општина), диви депонии со смет и фрлањето секакво ѓубре насекаде во преубавата околина (општина), уништен шумски фонд и некоординираност помеѓу месното население, шумската полиција и министерството за внатрешни работи (министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерство за внатрешни работи) и слаб електричен напон (ЕВН).

**Заклучок:** Од разговорот со фокус групата се гледа да за детерминираните потенцијални проблеми во село Раштак дека месното население веќе има концепт за решавање за што е потребно градење на стратегии и процедури заедно со општината за нивно поефикасно елиминирање. Доколку би ги решиле проблемите со неколкуте диви депонии би се отворила и можност развојот на селски туризам. Истовремено, самата определба за развој на селски туризам бара уредени зони, квалитетен пристап и како најважно подобрена меѓусебна комуникација на сите села во околината кое мора да се обезбеди од страна на општината и државата. Особено значајно е да се изгради бренд на селскиот туризам, кој има потенцијална можност на ваква локација. Тој туристички бренд може да биде од областа на земјоделството, шумарството, ловот, но и од други неземјоделски дејности. Потенцијалот за органско производство на градинарски култури (лук, кромид, компир и други видови) со користење на систем капка по капка, би дал уште подобри ефекти. Современата технологија ќе даде високо производство по единица површина, производство во тек на целата година и доволно суровина за развој на селскиот туризам, а со тоа развој на мали и средни бизниси. Сето ова ќе овозможи дополнително вработување на младите од селото Раштак, на голем број како примарна земјоделска дејност, или за веќе вработените и пензионерите можност за дополнителна дејност согласно член 32 од Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/09).

## 3. Рангирање врз основа на приходи на селско домаќинство[3]

### *А. Извори на финансиски приходи во село Раштак*

Добиени податоци:

- Земјоделство 10%
- Само од плата од работа на друго место 40%
- Пензии 50%

Според добиените податоци од дискусијата со фокус групата може да се види дека населението кое живее во село Раштак има релативно висока стапка на

[3] Податоците се добиени со PLA (Participatory Learning and Action) методот организиран преку дискусија на фокус група:
Дата: 10.11.2009
Период на дискусија: од 17:00 до 19:40
Учесници: 4
Мажи: 4
Жени: 0

пензионери - 50%. Во моментов бројот на луѓе кои заработуваат на друго место е околу 40%, и тоа се всушност оние лица на кои треба да им се понуди и земјоделството како дополнителна дејност, а доколку финансиските ефекти бидат значително подобри од таа дејност која дотогаш ја имале, за очекување е истите во иднина да развијат сопствен бизнис кој на селото ќе му даде нов економски инпут. Не е за потценување и моменталната состојба на земјоделскиот сектор во селото кој е околу 10%. Бројот на пензионери индиректно може да предизвика проблеми во реализацијата на стратегијата за рурален и економски развој на ОГБ со која се предвидува развој на земјоделството во наредниот период и се очекува зголемување на финансискиот ефект од производството на храна и други видови неземјоделски дејности (занаетчиство и рурален туризам). Според стратегијата се предвидува во наредните 4 години секторот земјоделство да учествува со 20-30%[4], и да се помогне во користењето на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, односно петта компонента од ИПА за рурален развој (ИПАРД)[5].

**Заклучок:** Финансиската стабилност на населението, фактот дека работоспособното население е вработено и високиот процент на стабилни примања кај пензионерите овозможува полесен приод кон развојот на земјоделството како главна и дополнителна дејност. Со квалитетни бизнис планови и организирање на работни состаноци во областа на земјоделството, треба да се поттикне интересот за производство не само за сопствени потреби туку и за развој на руралниот туризам како услужна дејност. Со осовременување на моменталните капацитети, изградба на нови, отворање на рекреативни центри, но и организирање откуп на квалитетни природни шумски производи ќе се подобри економијата на селото и микро регионот кој ги поврзува општините Гази Баба, Бутел и Арачиново.

Сето ова не е можно доколку се настапува индивидуално, па затоа е потребно здружување и перманентна едукација од областа на руралниот развој. Здруженијата ќе се грижат за производството, услугите, маркетингот и пласманот на земјоделските производи и услуги.

### В. *Процентуална застапеност на земјоделски и неземјоделски дејности во селото*

| **Земјоделски дејности** | **Износ (%)** |
|---|---|
| Житни култури | 60% |
| Градинарски | 30% |
| Овчарство | 10% |

| **Неземјоделски дејности** | **Износ (%)** |
|---|---|
| Градежништво и земјоделство како дополнителна дејност | 20% |
| Јавни институции | 2% |
| Приватни компании | 78% |

Според добиените податоци од дискусијата со фокус групата може да се види дека во село Раштак примарна земјоделска дејност е полјоделското производство, кое е поделено на производство на градинарски култури 30% и

[4] Согласно Ннационалната програма за финансирање на земјоделието.
[5] Службен весник на Република Македонија бр.83 од 03.07.2009 година

житни култури 60%, додека овчарство е застапено само со 10%. Од неземјоделски дејности населението се занимава со градежништво и земјоделство како дополнителна дејност и со помали занаетчиски дејности. Околу 2% од жителите на селото работат како државни службеници или во јавна администрација што покажува дека селото веќе има образувано население по одредени области, а кое би можело да се повика на дополнителна едукација за да ги искористи природните потенцијали и да остварува приходи од дополнителна дејност во областа на земјоделските и неземјоделските дејности. Бројот на сопствени бизниси (во моментов се 78% регистрирани компании), во најскоро време може да биде зголемен неколку пати, а тоа може да го реши проблемот со и онака ниската стапка на невработеност, но и да понуди подобри услови на веќе вработените.

### *C. Пензиите како финансиски приход*

1. Пензии стекнати со земјоделска дејност – 5%

2. Пензии стекнати со неземјоделска дејност – 95%

**Заклучок:** Поради нерешениот статус на имотите во село Раштак, поверќето пензионери се со стекнати пензии со неземјоделска дејност. Најголемо влијание за ваквата појава има можноста за вработување во Скопје, што всушност претставува дополнителна предност за рурален развој на селото, особено развој на руралниот туризам.

### *D. Старосна и полова структура на населението*

1. Млади 30%, Стари 70%
2. Мажи 80%, Жени 20%

**Заклучок:** Според фокус групата, селото Раштак се смета за старо село, кое сепак има уште младина на која треба да и се овозможи останување и квалитетен живот. Од друга страна пак големата разлика во половата структура укажува на неповолниот статус кај мажите, кои е можно да не создаваат семејство и проширена репродукција. На ова треба особено да се обрати внимание, бидејќи со поинтензивен стратешки приод кон руралниот развој за село Раштак и со повисоки стапки на финансирање на селото во реализација на проектите ќе се овозможат селото да опстане. Истото така на младите треба да им се овозможи економски статус кој би обезбедил полесно стапување во брак и формирање на семејство. Ако почне засилен рурален развој, со поголеми финансиски инпути, подобрена инфраструктура (капитални инвестиции), посета на странски и домашни туристи ќе се збогати животот во село Раштак.

### *E. Вработеност на населението во однос на половата структура*

1. Мажи 60%
2. Жени 40%

**Заклучок:** Од бројот на мажи и жени кои живеат во селото, стапката на вработеност кај мажите и жените покажува дека има простор за користење на фондовите на европската унија за рурален развој. Оној процент мажи и жени кои не се вработени би можеле да отпочнат со земјоделско производство на здрава храна (примарно производство), собирање и откуп на шумски

производи, а како најважно, развој на рурален туризам со сместување и угостителски услуги.

## 4. Сезонски календар[6]

*Градинарство (лук, кромид),[7] поледелство и сточарство*

| | Месеци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| **Лук** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | ■ | |
| приходи | | | | ■ | ■ | | | | | | | |
| ангажман | | | | ■ | ■ | | | | | | | |
| **Кромид** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | ■ | ■ | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | ■ | ■ | |
| ангажман | | | | ■ | ■ | | | | | | | |
| **Житни култури (пченица, јачмен, рж и овес)** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | ■ | ■ | | | ■ | | | ■ | ■ | |
| приходи | | | | | | | | ■ | ■ | | | |
| ангажман | | | | | ■ | | ■ | | | ■ | ■ | |
| **Компир** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | ■ | ■ | ■ | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | ■ | ■ | | |
| ангажман | | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | | |
| **Овчарство** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | ■ | ■ | ■ | | | | | | | | | |
| приходи | | | ■ | | | | ■ | | | | | |
| ангажман | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |

Земјоделското производство во село Раштак е претежно насочено кон градинарството, поледелство и сточарство. Другите земјоделски гранки се помалку застапени. Она што населението најчесто го произведува е лук, кромид, компир, житни култури и нешто помалку се одгледуваат овци. Нивното производство е во чиста природна средина, со целосно или делумно користење на хемиска заштита. Тоа се многу значајни култури во основната исхрана на луѓето и истите се долгогодишна производна традиција на жителите во атарот на селото. Зафатеноста на земјоделските производители за производство на лук и кромид е од април и мај, додека останатите 10 месеци во годината се т.н. слободни месеци. Според анализата на расходите и приходите во градинарското производство се детерминираат три ризични месеци (декември, јануари и февруари), кога производителите воопшто не остваруваат приходи. Производителите на житни култури имаат ангажман нешто повеќе во мај, јули, октомври и ноември, додека за компир се ангажирани континуирано од април до септември. Расходите за житни култури се најголеми во период март, април,

[6] Податоците се добиени со PLA (Participatory Learning and Action) методот организиран преку дискусија на фокус група:
Дата: 10.11.2009
Период на дискусија: од 17:00 до 19:40
Учесници: 4
Мажи: 4
Жени: 0
[7] Поради интензивното земјоделско производство нема јасен сезонски карактер, односно градинарските култури можат да се обработуваат во било кој период од годината.

јули, октомври и ноември, а приходите се во август и септември. Кај производството на компир расходите се најголеми од април до јуни, а приходите се во септември и октомври. Кај растителното производство се појавува критичен период од декември до март кога воопшто не се остваруваат приходи од ова производство. За разлика од растителното производство, овчарството како дел од сточарското производство има целосен ангажман во текот на целата година. Расходите се во јануари до март, а приходите се во март и јули.

**Заклучок:** Село Раштак претставува потенцијал за земјоделско производство од кое би се добивале квалитетни и здрави градинарски и поледелски производи. Производителите се со долгогодишно искуство и на истите им се потребни проекти од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за изградба на дополнителни објекти каде би се чувале и пакувале органските производи. Органското производство треба да биде стратешка цел на развојот на земјоделството во село Раштак. Производството на пченица, јачмен, рж и овес истовремено би овозможило и поинтензивно овчарско производство во современи објекти. Развојот на говедарството, особено товот на телиња по систем крава теле во слободен начин на одгледување би бил нов пристап за современо земјоделско производство. Пласманот не би требало да биде поголем проблем поради одличната локација, здравата и чиста животна средина и близината на градовите.

Развојот на руралниот туризам може да обезбеди користење на овие продукти на самото место. Здружувањето на земјоделските производители би овозможило масовно производство и услуги, подобра контрола и организираност, намалени производствени трошоци и на крај поголема корист за самите производители. Производството на ваков вид на производи може да обезбеди т.н. органско производство и органски рурален туризам со добивање на карактеристично географско потекло на производите "*произведено во Раштак*".

## 5. Мапа на ресурсите[8]




Раштак е ридско планинско село кое е обиколено од источната страна со лозја и градини, на јужната страна со обработливо земјоделско земјиште на кое се одгледуваат житни култури, на западната страна со лозја и обработливо земјоделско земјиште на кое се одгледуваат житни култури, а на север со пасишта и шуми. Целиот атар е со големина од 30 км$^2$, а во самото село кое е од збиен тип има Раштевска река, црква, училиште и семејни земјоделски стопанства. Селото е поврзано со локален пат кон Скопје, а постои и сообраќајна врска со обиколницата север.

**Заклучок:** Селото Раштак има релативно слаба постоечка инфраструктура која треба да се подобрува. Од аспект на земјоделството постои голем потенцијал за градинарско производство со можност за развој на т.н. органско производство. Со воведување систем капка по капка или друг рентабилен начин на наводнување би можело да се иницира подигнување на нови капацитети и на оние градинарски култури кои досега не се одгледувале. Селото веќе има кадровски потенцијал за градинарско, поледелско и овчарско производство. Со организирање на населението би можело да се развива органскиот приод на производство на здрава храна, но и развој на селски туризам, угостителство и друг вид на неземјоделски дејности (занаетчиство и обработка на техничка дрвна маса). Со развојот на индивидуални сточарски фарми кои нема да влијаат на загадувањето на околината би се овозможило квалитетно растително производство со користење на арското ѓубре од

---

8 Податоците се добиени со PLA (Participatory Learning and Action) методот организиран преку дискусија на фокус група:
Дата: 10.11.2009
Период на дискусија: од 17:00 до 19:40
Учесници: 4
Мажи: 4
Жени: 0

фармите, а исто така би можеле да се развијат помали капацитети за преработка на млечни и месни производи. Близината на шумите овозможува алтернативен туризам (планинарење, параглајдерство, велосипедизам, јавање, лов и др.). Можно е собирање на квалитетни и здрави шумски плодови и нивен откуп, или преработка. Она што најмногу загрижува е што обработливото земјиште се работи под наем, поради што финансиската поддршка за земјоделството не оди во рацете на оние кои го обработуваат земјиштето туку кај оние што го владеат земјоделското земјиште. Од друга страна оние што го владеат земјиштето, а го даваат под наем или директно го обработуваат не ги користат субвенциите од програмата за финансиска поддршка на земјоделството и програмата за финансиска поддршка на руралниот развој поради недоволна информираност за начинот и постапката за реализација на истите. Развојот на пчеларството и руралниот туризам треба да биде приоритет.

## 6. Интервју[9]

Со спроведување на анкета на унифициран прашалник, беа анкетирани 6 мажи и 1 жена. Една особа е на возраст од 25-34 години, две особи од 35-44 и четири особи од 55-64 години. Четворица од нив беа невработени, двајца вработени и еден пензионер. Тројца се изјасниле дека работат во секторот трговија и туризам, два во јавни сервиси и одбрана, а двајца воопшто не се изјаснија. Шест испитаника се со средно и еден со основно образование. Шест селото го гледаат како разбиена, а еден како збиена населба во која двајца живеат цел живот, а петорица континуирано до денот на анкетирање од 29-64 години. Од испитаните, четворица немаат намера да го напуштаат селото. Кога би им се создала можност да бираат, четворица избраа да живеат на село и да работат вон земјоделство, еден да живее во село и да работи во земјоделство и двајца да се преселат во град и да работат вон земјоделство. Бројот на членовите во нивните семејствата просечно се движи околу 3-4 членови, што претставува оптимален број за едно семејство.

Во делот за фарми и фармерскиот бизнис, репрезентативниот примерок се изјасни дека поседуваат отприлика од 0,5-3 хектари како сопствено обработливо земјиште. Четворица се изјаснија дека земјиштето што го обработуваат е од село Раштак, а само еден се изјасни дека еден дел од обработливото земјиште е во селото, а вториот дел од земјоделското земјиште во атарот на село Петровец. Од видови на домашни животни најчесто се одгледуваат само по неколку броја за сопствени потреби и тоа свињи, говеда (многу битен податок дека е тоа расата Буша), кози, домашни кокошки, а од растително производство градинарски култури на отворено и под пластеници, житни култури (пченица, јачмен и пченка), овошки и лозја. Останатите земјоделски сектори или се сретнуваат во трагови или воопшто ги нема. Од старите, автохтони видови домашни животни се одгледува раста Буша. Земјоделските производи ги користат за задоволување на сопствените потреби, а произведуваат ракија, мермелад, кисело млеко, туршија, сокови од разно природно овошје, сирење, а вишокот го продаваат на пазарот на големо или до

[9] Податоците се добиени со PLA (Participatory Learning and Action) методот организиран преку дискусија на фокус група:
Дата: од 25.10. до 02.11.2009
Период на акција: 12:00-16:00
Учесници: 7
Мажи: 6
Жени: 1

трговските капацитети во Скопје. Кај испитуваниот примерок годишните примања од земјоделството кај двајца се безначајни, а петорица воопшто немаат приходи. Примерокот уакажува дека во село Раштак воопшто нема зголемен обем на работа. За двајца постои меѓусебна соработка, како помеѓу роднини, така и помеѓу самите соседи, но таа релација треба во иднина да се подобрува преку моделот на здружување на земјоделските производители од исти или сродни области во земјоделството. Како главни потешкотии кои се појавуваат кај земјоделското производство се констатира дека досега немало интерес за било какво фармерско производство. Во село Раштак, двајца испитаници констатираат дека постојат неколку од секторот преработка на овошје и зеленчук, преработка на месо и преработка на млеко, а петорица испитаници костатираат дека нема ниту еден преработувачки капацитет за земјоделски производи што дополнително го усложнува проблемот со пласманот, а со тоа и поинтензивното развивање на земјоделството. Спротивно на овие проблеми ресурсите се повеќе од идеални, а тоа се здравата и чиста животна средина.

Селото Раштак има голем рурален потенцијал, бидејќи постојат ресурси како река, планина, шума, пасишта, необработено квалитетно земјиште, обработливо квалитетно земјиште, рудни богатства, археолошки наоѓалишта и незагадена природна околина. Во село Раштак се слави селската слава Свети Спас и Свет Атанасиј кои два дена можат да прераснат во обичај, настан или посебен ден кое ќе го обележи селото на светстката карта. Тоа е причина која би можела да го развие селскиот туризам, занаетчиството и културното наследство на селото како прв приоритет. Во наредните пет години насоката за руралниот развој, се гледа во развој на приватниот бизнис, развиено поледелство, развиено сточарство, производство на здрава органска храна, развој на селскиот туризам, развој на спортски туризам и повеќе сместувачки капацитети со етнолошки карактер. Потенцијалите за развој на селото е во тоа што сеуште има млади луѓе, едуцирана работна сила, земјоделски површини, мали и средни претпријатија, културни настани и друштва, здруженија, приватен бизнис сектор, делумно развиено поледелство и градинарство со производство на здрава храна, делумно развиено но автохтоно сточарство, сместувачки капацитети за туристи и образовни институции. За земјоделскиот сектор многу важен момент е постоење на социо-економски ресурси како што се шумски ресурси, патишта, обработлива површина, спортски објекти, растително земјоделско производство од сите сектори, сточарство, туризам, неискористен воден потенциал на извори со здрава и чиста вода, училиште и верски објекти. Село Раштак е познато пошироко по природното богатство и култрно уметничко друштво “Трајко Попов” од 1936 година. Најголемите потенцијали и можности за развој на селото се селскиот и спортскиот туризам и ловен туризам. Најголемите пречки за развој на селото се лошата комунална инфрструктура, немање на водовод и квалитетни патишта. За да се подобри развојот на село Раштак како цел се поставува инвестирање во инфраструктурата. Како приоритетни работи кои треба да се направат се водовод, патна инфраструктура, телефон, струја, јавен превоз, патна инфраструктура, комунална хигиена, патот кој ќе ги поврзе Раштак и Бутел и елиминирање на диви депонии. Во последните десет години нема квалитативно и квантитаивно проширување на бизнисите во селото. Во наредниот период, кај четворица анкетирани постои желба за инвестирање во селскиот туризам најмногу поради веќе постоечкото знаење и искуство во припремање на национална храна, гостопримливост на жителите во сло Раштак, потоа во сточарството кај еде, а двајца се изјаснија дека ресурси има доволно но финансиски средства премалку. Во недостаток на сопствени ресурси потребно е на заинтересираните да им се обезбеди полесен пристап до поволни кредити,

преку политиките на кредитирање во земјоделскиот сектор (земјоделски дисконтен кредитен фонд), доделување на државно земјоделско земјиште под концесија до 10 ха по барател и проекти кои што по пат на ко-финансирање ќе обезбедат импут на квалитена земјоделска механизација и опрема во преработувачките капацитети. Долгорочноста на кредитното побарување може да биде и со негативни ефекти кон кредитокорисниците што доведува на зголемување на каматите во однос на главницата која се отплатува. Кај таков тип на кредити ратите се пониски, но крајниот износ кој треба да биде исплатен може да го надмине побарувањето за неколку пати. Кредитните услови (рок на отплата , грејс период, обезбедување) ги утврдува секоја финансиска институција индивидуално согласно сопствената кредитна политика и во зависност од видот и намената на инвестицијата, износот на кредитот, условите на производство и друго. Рокот на отплата и грејс период кои се применуваат кај кредитите од земјоделскиот дисконтен кредитен фонд е:

- за инвестициони кредити (основни средства) до 7 години со грејс период до 3 години, со исклучок и подолго;
- за обртни средства до 3 години со 1 година грејс период, со исклучок и подолго.

Од аспект на обезбедувањето, најзастапен тип на обезбедување во кредитното портфолио на земјоделскиот дисконтен кредитен фонд се жирантите (65%) , потоа следуваат хипотека на недвижен имот во град (13%), хипотека на недвижен имот во село (6%), хипотека на земјоделско земјиште (7%), рачен залог (4%), залог на депозит (4%), гарантен фонд (0,6%) и друго.Битно е да се напомене дека скоро сите вклучени финансиски институции значително ги релаксираат политките за обезбедувањето, односно се повеќе го анализираат самиот бизнис-предмет на кредитирање. Оваа политика, покрај другите фактори, е резултат, на високата стапка на отплата на ЗКДФ кредитите кај ФИУ, која кумулативно за целото портфолио со состојба на 31.03.2009 година изнесува 95%, што придонесува финансиските институции да не го третираат кредитирањето во земјоделството како високо ризично. Земјоделскиот дисконтен кредитен фонд најчесто овозможува кредити со една година грејс период и пет години рок на отплата со 4% за примарното земјоделско производство, 5% за преработка на земјоделски производи и извоз на примарни земјоделски производи за кредити пласирани преку вклучените деловни банки и 6% за примарното земјоделско производство, 6,5% за преработка на земјоделски производи и извоз на примарни земјоделски производи за кредити пласирани преку вклучените штедилници. Едуцираноста и знаењето во областа на земјоделството го прошируваат со посета на семинари, предавања и од други веќе искусни земјоделски производители. Најчесто, помош за надоградба на знаењето се бара од Агенцијата за унапредување на земјоделството, центрите за поддршка на руралниот развој, локалните власти, медиумите, здруженијата, пријатели или колеги кои веќе имале позитивно искуство за одредена област во земјоделските или неземјоделските дејности. Иднината во која најмногу се гледа селото е развој на селскиот туризам и рурална диверзификација, европските интеграции и системска промена на односот кон руралните места од страна на државната управа. Помошта која државата досега ја дава на земјоделските производители, населението на село Раштак не ја користеле или ја користеле во минимален износ.

Она на што се гордеат во селото е местоположбата, црквата, близина на обиколницата, мирен живот, квалитетна почва, убавина на селото, близина на индустриската зона која треба да се гради до обиколницата, тоа што се дел од

Република Македонија како самостојна и просперитетна држава во која убаво се живее и плоштадот во Автокоманда. Лошите работи во селото се дивите депонии, лоша состојба на патната инфраструктура и нерешен проблем со атмосферска и фекална канализација. Сето ова е потребно за интензивен рурален развој. За да се направи селото добро место за живеење, со повисока заработувачка како многу важни фактори се здравството, грижа за децата, образованието, јавен превоз, информатичка технологија - интернет, бизнис, квалитет на живеење и здрава животна средина. Наведените фактори во последните неколку години, а особено во периодот откако е донесена Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013[10], не се подобрени, а со донесување на стратегијата за рурален развој на општина Гази Баба се очекува значително подобрување на истите. Како најбитен фактор за да почне посилен рурален развој на село Раштак испитаниците сметаат дека е патната инфраструктура, Досега сите испитаници се потполно незадоволни од развојот на спомнатите битни фактори како приоритети. За внатрешните и надворешните инвеститори, како препорака е селскиот туризам, но сите укажуваат дека нема да има развој без квалитетна патна инфраструктура, водовод и комунална инфраструктура, особено елиминирање на дивите депонии. Како прво што би било добро да се промени или направи во селото, се реновирање на патната инфраструктура, потенцирање и промовирање на селскиот туризам, а за повеќето испитаници исклучително им е битна врската Раштак-Бутел. Сите испитаници учествувале во планирањето во развојните проекти на село Раштак, особено во делот на руралниот развој. Состојбата на руралната инфраструктура не ги задоволува стандардите на европската унија, а објектите се со просечна старост од 30-50 години. Истите се наменети за семејно домување, складирање, пакување на земјоделски производи, канцеларии, туризам, занаетчиство и продавници. Пречки во развојот на бизнисите во селото и диверзификација на бизнисите се недостаток на финансиски средства, тешкотии во добивање на дозвола за планирање, тешкотии при вработување на правите луѓе за работа, недостаток на грантови или финансиска поддршка и слабо познавање на можностите за маркетинг. Ограничувачките фактори за рурален развој на селото е недостаток на капитал, недостаток на грантови и финансиска поддршка, недоволно земјиште во близина на куќата, недостаток на објекти за фарма, слаб маркетинг, тешкотии при вработување на правите луѓе за работа од областа рурален развој и тип на земјиште и несоодветна почва. Постои заинтересираност за соработка во земјоделското производство, маркетинг и откуп на земјоделски производи. Во земјоделското производство воопшто или во незабележителни количества се користат заштитни средства (инсектициди, хербициди, фунгициди и фертилизатори). За користење на земјоделското земјиште испитаниците од село Раштак наведуваат дека во делот употребливост и родност се очекуваат поголеми промени кај неискористените земјоделски површини, шуми, индустриска неупотреблива површина, пасишта, техничко дрво во биомаса, а воопшто нема да има промени во секторот цвеќарство и рурален туризам. Во сточарството во наредните пет години се очекува намалување на бројот на грла говеда, свињи но е за очекување поголем број на овци, кози и свињи. По направени истражувања би можело да се очекува развој на уште некој вид добиток кој не би ја нарушувал стратегијата за рурален развој, како што е пчеларството но и рибарството во помали рибници (особено за производство на пастрмки), кои всушност се и главниот индикатор за постоење на органско земјоделско производство. Во рангирањето на најважните фактори за идното планирање на стратегијата за рурален развој на селото со највисок приоритет се економскиот фактор, образованието и поврзаност со регионот.

[10] NPAA 3.11. Земјоделство и рурален развој

**Заклучок:** Како главен проблем се појавува недоволната грижа на самите жители на село Раштак за формирање на неколкуте депонии Тоа е целосно неоправдано и не води кон развој на земјоделството и руралниот развој воопшто. Се потенцира развојот на селскиот туризам, рурална диверзификација, шумарство, лов, алтернативно земјоделство но и органско производство на мед, и други земјоделски производи. Мора поголем број на работилници, едукација, здружување и правилен пристап кон користењето на предпристапните фондови и финансиските средства од националната програма за рурален развој. Се претпоставува дека тоа се и главните причини, да земјоделски производители не се регистрираат како индивидуални земјоделци, бидејќи истите и незнаат што е тоа рурален развој и развој на селкиот туризам. На тие производители не им се остава простор за сигурно и развојно инвестирање во сместувачки капацитеи, обука за водичи во лов, шумарство, собирање на диви плодови и печурки, јавање и друг вид на спортско рекреативни активности на село. Моменталните ресурси се добра основа за користење на финансиската поддршка на руралниот развој од петата компонента на програмата за целосна интеграција во европската унија (ИПАРД)[11], доколку се даде поголем акцент на утврдување на моменталните состојби и поголема промоција на мерките од третиот столб за развој на рурална економија преку диверзификација на руралните активности, а особено развој на селскиот туризам.

[11] РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр. 1085/2006 НА СОВЕТОТ од 17 јули 2006 година за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

**Предлог Акционен план**

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| **Мерки/Проекти** | 1. Инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделски стопанства и инвестиции за рурална инфраструктура[12] 2. Инвестиции на земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија[13] | 1. Инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделски стопанства и инвестиции за рурална инфраструктура 2. Инвестиции на земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија | 1. Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам 2. Диверзификација и развој на рурални економски активности | 1. Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам 2. Диверзификација и развој на рурални економски активности |

[12] Програма за финансиска поддршка на руралниот развој (согласно член 31 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2009 Службен весник на Р.М. бр. 166/08)

[13] Програма за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија (ИПАРД) за период 2007-2013 (согласно член 36 став 5 од Закон за Владата на Р.М. Службен весник на Р.М бр. 59/00, а во врска со член 3 од Рамковната Спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за ИПА (службен весник на Р.М. бр.18/08) и член 3 од Спогодба меѓу Владата на Р.М.. и Комисијата на Европските Заедници за V компонента ИПАРД (Службен весник на Р.М. бр. 165/08)